*да Му се поклониме.“*

**Можеме да ги прифатиме заклучоците на христијаните од Блискиот исток: „Откако го сретнаа Спасителот и заедно му се поклонија, Мудреците, опоменати во сон, се вратиле во своите земји по друг пат. Исто така, заедништвото кое го делиме во заедничка молитва мора да нѐ поттикне преку нови патишта да се вратиме на својот живот, во нашите цркви, во целиот свет. [...]Да се биде во служба на евангелието денес бара ангажираност во одбрана на човечкото достоинство, особено на најсиромашните, наслабите, отфрлените. [...] Новиот пат за црквата е пат за видливото единство низ кое чекориме, жртвувајќи се, храбро, смело, за да може, од ден во ден, Бог да ни биде сѐ во сѐ. (1 Кор 15, 28). (5)**

**Летиција Магри**

(1) Предложената реченица е комбинација од *Mt* 2,1 і *Mt* 2,2;
(2) Молитвената осмина за единство на христијаните на северната полутопка се одржува од 18-25 јануари. На јужната полутопка во јауари е време на годишни одмори, па тамошните цркви ја одбележуваат Молитвената опсмина во подолг временски пеирод, обично за празникот Духови, во време симболично за единство на Црквата. Тоа е и повик екуменскиот дијалог да се одржи жив во текот на целата година.
(3) Сп.
http://www.christianunity.va/content/unitacristiani/it/news/2021/spuc-2022.html

(4) К.Лубик, *Слово за живот*, февруари 2005.
(5) *Ibidem*.

Движење на фоколарите

# Слово за живот

**Јануари 2022**

## „Ја видовме Неговата ѕвезда на Исток, па дојдовме да Му се поклониме.“ (1)

**Тие зборови ги наоѓаме само во Евангелието според Матеј. Ги изговараат мудреците кои дошле од Исток во помалку таинствена посета на малиот Исус.**

**Неколкумина од нив тргнале на долго патување следејќи ја малата светлина, во потрага по многу поголема универзална Светлина: по Царот кој е веќе роден и присутен во светот. За нив ништо друго не се знае, но тој настан е полн со поттикнувања за размислување и за христијански живот.**

**Христијаните од Блискиот исток оваа година таа реченица ја предложија за одбележување на Молитвената осмина за единство на христијаните. (2) Тоа е драгоцена прилика повторно да тргнеме заедно на пат, отворени за меѓусебно прифаќање, но пред сѐ отворени за Божјиот план, да можеме да бидеме сведоци на Неговата љубов кон секоја личност и секој народ на земјата.**

*„Ја видовме Неговата ѕвезда на Исток, па дојдовме да Му се поклониме.“*

**Во документот кој ги следи предлозите за овогодинешната Молитвена осмина за единство на христијаните, христијаните од Блискиот исток**